# МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

2020 - 2025

Подготовката на документот е со поддршка од Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ – Скопје, во рамки на проектот „Вклучени и активни млади„ одобрен од Младински образовен форум, Центар за балканска соработка – Љоја и Младинскиот Сојуз Крушево, финансиски поддржан од Европската Унија (ЕУ) – ИРА/2017/393-661.

Стратегијата е подготвена од страна на ангажираните експерти:
Проф. Др. Софија Арнаудова и М-р Срџан Амет

**СОДРЖИНА**

**Листа на кратенки**

1. **Предговор**......................................................................................................................6

2. **Вовед и методологија**.................................................................................................9

3. **Профил на општината и млади**..............................................................................10

4. **Визија до 2025** ..........................................................................................................15

5. **Вредности** ..................................................................................................................15

6. **Стратешки приоритени области и цели** ...............................................................16

7. **Актери во спроведување на стратегијата** ............................................................23

8. **План за следење и оценување на Стратегијата** ...................................................25

9. **Финансиски план** .......................................................................................................26

**Користена литература**

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| ОШО – | Општина Шуто Оризари |
| РСМ – | Република Северна Македонија |
| ЕУ – | Европска Унија |
| ЕЛС – | Единица на локална самоуправа |
| ЛМС – | Локален младински совет |
| ООУ – | Основно општинско училиште |
| СОУ – | Средно општинско училиште |
| НВО – | Невладина организација |
| З – | Здружение |
| ИО – | Иницијативен одбор |
| МСОШО – | Младински совет на Општина Шуто Оризари |
| АМС – | Агенција за млади и спорт |
| АВРСМ – | Агенција за вработување на Република Севрна Македонија |
| МОФ - | Младински Образовен Фонд |
| ЗГРМ - | Здружение на граѓани РОМАВЕРЗИТАС |

**1. ПРЕДГОВОР**



Системска, организирана и постојана поддршка на младите значи, квалитетна индина на нашата Општина.

На младите им е потребна поддршка, од тука, овој документ ја преставува поддршката и развојот на нашата младина. Младите Роми, Македонци, Албанци, Турци, Босанци и други се сегашноста и иднината на Шуто Оризари и двигатели на нашата општина. Континуираното и систематско инвестирање во младината е повеќе од неопходно, вклучувањето на младите во општеството, обезбедува и вклучување на младите во развој на младинска политика.

Општина Шуто Оризари ќе создаде услови каде што ќе овозможи квалитетен живот на населението, каде младите ќе можат активно да се вклучат во исполнувањето на своите потреби.

Се обврзувам на целисходно и квалитетно спроведување на оваа Стратегија и раст и развој на младите од општина Шуто Оризари.

Курто Дудуш

Градоначалник
Општина Шуто Оризари

Младите како категорија во сите стратешки документи на национално ниво локално ниво и во рамки на сет на правилници и насоки од здруженија на граѓани се дефинираат како носители на позитивните промени. Во суштина тие се или треба да бидат промотори на промени од една страна и  ресурс и движечка сила за развојот на општеството во целина.

Во рамки на Националната Стратегија за млади 2016 – 2025, младите се идентификуваат како лица кои го „...оформуваат социјалниот и економски развој, ги предизвикуваат социјалните норми и вредности и ги градат темелите за иднината на нашата земја. Република Северна Македонија ја уважува оваа важна улога на младите...“. Од тука, општина Шуто Оризари, целосно се согласува со оваа идентификација и поаѓајќи од истата, интеграцијата и развојот на младите го крева на Стратешко ниво.

Стратешкиот план кој се однесува на сите млади лица на возраст од 15 до 29 години на територија на општина Шуто Оризари, со структуирана рамка за решавање на нивните потреби во 7 клучни области:
*1. Образование*
*2. Култура*
*3. Спорт*
*4. Здравство*
*5. Младинско учество*
*6. Младинско информирање*
*7. Вработување и поддршка пред вработување*

Оваа стратегија се изготвува со финансиска и експертска помош и поддршка од страна на Здружението на граѓани РОМАВЕРЗИТАС.
Врз основа на потребите на студентите Роми во 2001 година се основа Програма за образование на Роми – Ромаверзитас како заедничка иницијатива на Фондација Отворено општество – Македонија и Програмата за поддршка на високото образовавие (HESP) при Институт Отворено општество – Будимпешта. Во 2014 година Програмата за образование на Роми – Ромаверзитас премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ на иницијатива на алумни на Програма за образование на Роми – Ромаверзитас.

ЗГРМ делува како чинител во создавањето на квалитетно образовани генерации и клучна организација која креира и предводи критичка маса на средношколци, студенти и алумни преку поддршка, личен и професионален развој, волонтеризам, активизам и лидерство.

Стратегијата на млади на ОШО се изготви во рамките на проектот „Вклучени и активни млади“. Овој проект има за општа цел, да даде придонес за подготвени и активни млади, кои ќе бидат двигатели на младински промени, преку зајакнати и поврзани локални младински структури, кои соработуваат меѓусебе во процесите на изготвување и донесување на младински политики.  Од тука се издвојуваат и две конкретни цели:

1. Да се зголеми вклученоста на младите од општина Шуто Оризари во идентификување на сопствените потреби и решенија за изготвување на локална младинска стратегија во општина Шуто Оризари за нивно активното учество во политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во локалната заедница.

2. Да се воспостават позитивни механизми на соработка помеѓу младинските засегнати страни и практики за вклучување во процесите на донесување одлуки на локално ниво, негување на форми на младинско учество и застапување.

---

Стратегијата за млади на општина Шуто Оризари, во рамките на гореспоменатиот проект, се базира на Националната стратегија за млади 2016 – 2025 и насоките од Акционен план за млади Роми на Совет на Европа 20196-2020.

## 2. ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

Младинската Стратегија на општина Шуто Оризари е изработена со примена на концептот на локално планирање засновано врз принципите на партиципативност, транспарентност и еднаквост на сите засегнати поединци, групи, организации, установи и институции во локалната заедница. Следењето на наведените принципи овозможува одржлив развој на општината и подобрување на квалитетот на младите.

Заради застареноста на дел од податоците достапни од Заводот за статистика (како што е пописот на населението од 2002 година), а со цел на индентификување на реалната состојба во општината, беше спроведено теренско и анкетно истражување со вкупно 300 испитаници кои се засегнати страни и спроведени 7 фокус групи со млади од Општина Шуто Оризари и Град Скопје. Во овие истражувања беа вклучени млади, здруженија на граѓани и релевантните институции.

**Методологија на спроведено истражување**

Методолошкиот пристап во проценка на потребите е **квалитативен и квантитативен**, а проценката опфаќа спроведување на:

- Истражување на постоечките политики, практики и материјали во областа на младите;
- Мапирање на потребите и искуствата на младите кои излегуваат од процесот на формално образование и професионалците кои се активни во полето на поддржување на млади – локална заедница, јавни установи.

**Квантитативна анализа** на нумерички податоци добиени од прашалници/длабински интервјуа за млади при што се опфатени вкупно 300 млади.

**Квалитативна анализа** на податоците добиени со примена на анализата на документи и фокус групи:

Фокус групи - на основа на анализата на документи, спроведени се фокусни групи за 7 тематски области, а вкупниот број на учесници во фокус групите: 40 учесници

Целта на фокус групите е низ заедничка дискусија, и непосредна интеракција меѓу учесниците да се идентификуваат проблемите во 7 младински области и да се изнајдат

препораки за видовите интервенции кои можат да се спроведат на ниво на општина Шуто Оризари.

**Методологија на изготвување на локална младинска стратегија:**

Во периодот од октомври – декември 2019 година, се одржаа 3 работилници со преставници од здруженија на граѓани, образовни и воспитно-образовни инититуции на локално ниво, млади и членови на Советот на општина Шуто Оризари (Работна група, која беше формирана во подготвителната фаза од проектот), со цел, идентификување на проблемите и потребите на младите во општината, стратешка анализа на постоечката ситуација, и дефинирање на визијата и стратешките развојни цели во 7 идентификувани области: *Образование, Култура, Спорт, Здравство, Младинско учество, Младинско информирање,Вработување и поддршка пред вработување.*

Изработената Младинска стратегија вклучува анализа на состојбата во општина Шуто Оризари, дефинирана визија и стратешки цели, како и краток – збирен акциски план за секоја идентификувана стратешка цел за целисходно интегрирање, **унапредување и развој на младите на возраст од 15 до 29 години во општина Шуто Оризари.**

Работната група беше составена од преставници на локалните институции, други и заинтересирани страни, граѓански организации и индивидуи. На работилниците, присуствуваа следните лица и истите контрибуираа кон изработката на овој стратешки документ:

| # | Име и Презиме | Институција/Позиција |
|---|---|---|
| 1 | Сабина Љатиф | Ромаверзитас / Асистент на Проектот |
| 2 | Мухамед Ајваз | Ромаверзитас / Координатор на Проектот |
| 3 | Рамиза Сакип | ОШО / Советник за образование |
| 4 | Џенгис Усеин | Театар Рома / Актер |
| 5 | Санела Емин | ООУ Браќа Рамиз и Хамид / Заменикк Директор |
| 6 | Мелиса Мемиш | ИРИЗ / Координатор |
| 7 | Ерхан Фејзов | ОШО / Советник ЛЕР |
| 8 | Доан Сулејмановски | СОУ Шаип Јусуф / Директор |
| 9 | Фатима Османовска | ОШО / Претседател на Совет |
| 10 | Алмир Дудуш | ОШО / Директор за Спорт |
| 11 | Рамадан Берат | ОБСЕ / Советник |
| 12 | Горан Таневски | ОБСЕ / Асистент |
| 13 | Мелиса Реџепова | Здравствен Дом ОШО / медицинска сестра |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Селика Аљиљи | МСОШО / Заменик Претседател |
| 15 | Ален Умер | МСОШО / Претседател |
| 16 | Шенас Имер | Клуб на млади на ЦК / Координатор |
| 17 | Асип Селим | ИРИЗ / Фацилитатор |
| 18 | Сеара Сулејман | Ромаверзитас / Фин&Админ Координатор |
| 19 | Елсон Иљаз | Комерцијална Банка / Банкар |
| 20 | Сибел Бајрам | ООУ 26 Јули / Наставник |

**3. ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА И МЛАДИ**

Шуто Оризари[1] почнува да се развива кон крајот на 1963, почетокот на 1964 година, со населување на првите жители, претежно Роми. Името потекнува од зборот *„шуто“* што во превод значи неплодно - шуто. Со постепено обликување на населбата, општината Шуто Оризари почнува да добива изглед на урбанизирано приградско соседство. Со тек на време, населбата се здобива со свои административни и културни институции. Во 1996 година, Шуто Оризари заедно со двете села околу него - Горно и Долно Оризари, формираат самостојна административна единица - општина Шуто Оризари. Општина Шуто Оризари е првата општина во светот со мнозинско ромско население. Градоначалник на општината е Курто Дудуш.

Во рамките на територијалната поделба од 1961 година и новиот закон за територијална организација од 2004 година, Скопје се состои од 10 општини, меѓу кои е и општината Шуто Оризари. Оваа општина се наоѓа во Скопската котлина, во северниот дел на градот Скопје и претставува составен дел на градот. Таа е лоцирана во северниот дел на градот и се граничи со општините Бутел и Чучер Сандево. Според член 8 од Законот на градот Скопје, граничната линија на Шуто Оризари започнува од раскрсницата на трите гранични линии на општините Бутел, Шуто Оризари и Чучер Сандево и ја следи граничната линија на општина Бутел по локалниот пат до Визбегово, свртува на патот кон Визбегово, продолжува по надворешната гранична линија на Горно Оризари до раскрсницата на трите гранични линии на Бутел, Шуто Оризари и Чучер Сандево. Општина Шуто Оризари зафаќа површина од 7,48 km² и има густина на населеност од 2.943,75 жители/km².[2]

[1] www.sutoorizari.gov.mk

[2] www.mls.gov.mk

## [3]Население

Генералната слика за населението во општина Шуто Оризари, според пописот на населението, домаќинствата и становите во Р.М. од 2002 година е прикажана во табелите подолу. Според податоците, 60,6% од вкупното население во општината е од ромска етничка припадност.

Табела 1: Попис 2002: Вкупно население на Република Северна Македонија според припадноста кон етничка заедница, по општини, според административно-територијалната организација од 2004 година

| Општина | Етничка припадност | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | **Останати** |
| **Шуто Оризари** | **22 017** | **1 438 (6,53%)** | **6 675 (30,32%)** | **56 (0,25%)** | **13 342 (60,60%)** | **-** | **67 (0,30%)** | **177 (0,80%)** | **262 (1,19%)** |

| РСМ Град/ Општина | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **РСМ** | 64,18 | 25,17 | 3,85 | 2,66 | 0,48 | 1,78 | 0,84 | **1,04** |
| **Скопје** | 66,75 | 20,04 | 1,7 | 4,63 | 0,5 | 2,82 | 1,5 | **1,61** |
| **Шуто Оризари** | **6,53%** | **30,32%** | **0,25%** | **60,6%** | **0,0%** | **0,3%** | **0,8%** | **1,2%** |

[4]Од вкупното население на општина Шуто Оризари, 3,898 се евидентирани млади на возраст од 15 до 29 години или 17,7%. Во табела 2 подолу е преставена дистрибуцијата на население според возрасни групи во ОШО, согласно пописот во 2002 година

| Годишна возраст | 15-19 | 20-24 | 25-29 |
|---|---|---|---|
| **Шуто Оризари** | **2 042** | **2 058** | **1 856** |

[3] www.sutoroizari.gov.mk

[4] www.sutoorizari.gov.mk

## Образовен систем во ОШО

Во општината Шуто Оризари постои една градинка, две основни училишта, и едно средно училиште.  Степенот на образование на жителите во општина Шуто Оризари во најголем процент е основно образование, и тоа дури 52,27% од населението на возраст од 15 и повеќе години, согласно податоците од Државниот завод за статистика. Дистрибуцијата на населението според школската подготовка е прикажано табеларно подолу.

Табела 3: Вкупно население на возраст од 15 – 29 години, според школска подготовка

| Шуто Оризари | Вкупно | Без образование | Некоплетирано Образование | Основно | Средно | Виша | Висока | Магистарски | Докторат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број** | 15 481 | 1 869 | 2 635 | 8 092 | 2 611 | 59 | 98 | 2 | 1 |
| **Процент** | | 12,07 | 17,02 | 52,27 | 16,87 | 0,38 | 0,63 | 0,01 | 0,01 |

## Млади во Општина Шуто Оризари

Согласно последниот попис, во општина Шуто Оризари од 22,017 граѓани, 15,481 се млади од 15 до 29 години или 70,31%.
15,481 во ОШО од образовна до социо-економската состојба се на маргините на прогресивните младински заедници во другите скопски општини.
Со оглед на тоа што официјалните податоци кои што се на располагање се оскудни, земајќи предвид дека податоците се од спроведениот последен попис во државата во 2002 година, проектниот тим спроведе теренско и анкетно истражување со цел да ја утврди вистинската состојба во којашто се наоѓаат младите, нивните капацитети, цели и можности на територија на општина Шуто Оризари. Користен е репрезентативен примерок од 293 млади лица на возраст од 15 до 29 години, жители на општина Шуто Оризари.
Од 293 испитаници 172 беа машки и 121 женски, сите од ромска етничка припадност. Образовната структура на репрезентативниот примерок е хомогена или пак, од вкупниот број на испитаници:

- 18 беа ученици во Осново образование
- 78 ученици во Средно образование
- 74 редовни студенти на додиломски студии
- 52 вонредни студенти на додипломски студии
- 51 редовни студенти на постдипломски студии
- 12 вонредни студенти на постдипломски студии
- 2 млади без никакво образование

Ваквата образовна структура на репрезентативниот примерок, дава квалитативен индикатор за утврдување на реалната состојна на младите во оваа општина.

Од аспект на економската моќност или состојба на испитаните млади луѓе, наодите се следни:

- 130 млади се во работен однос во различни сектори или 44,36% од вкупниот број на испитаници
- 28 невработени или 9,55 % од вкупниот број на испитаници и
- 70 млади или 23,89% не одговориле на ниту едно од понудените одговори.

До тука, анализата преку репрезентативниот примерок, покажува дека младите на територија на Шуто Оризари се образовани и со добра економска состојба. Понатаму, истражувањето дава одлични наоди за бихивиористичко однесување на младите во одредени области од една страна, додека пак, од друга страна, во одредени области се идентификуваа и контрадикторности што само укажува на фактот дека младите Роми немаат јасна визија и цели.

Покрај големиот број на високо образовани млади и млади кои го продолжиле своето образование на постдипломски студии, веруваат дека образованието не е применливо во пракса и не може да најдат соодветна работа. Од друга страна, покрај нивното учење студирање и работење во земјата, веруваат дека животот е полесен надвор од земјата, каде за 1-2 години планираат да излезат од земјата. Од тука, истите овие млади околу 65% од испитаниците, истовремено веруваат дека за младите во Република Северна Македонија е лесно да започнат свој бизнис.

Повторно оваа контрадикторност укажува на неорганизираност на млади и неиформираност од општина Шуто Оризари.

Ова истражување од друга страна, дава одлични податоци за тоа дека младите од општина Шуто Оризари, веруваат во политиките спроведени од општина Шуто Оризари, младите кои учат и студираат сакаат да останат и понатаму да живеат во општина Шуто Оризари, сакаат и се мотивирани да се вклучат во активности на младинскиот центар, советот на општината, се чуствуаат сигруни, почитувани и вреднувани во својата општина.




Од друга страна, испитувањето покажа дека во општината нема доволно културни настани, спротски објекти и места за спорт, протокот на информации е на ниско ниво, но

сепак вклученоста во општествените текови на различните области е на задоволително ниво. Веруваат дека за дел од проблемите со кои се соочуваат потребни се сет на активности кои би ги решиле нивните проблеми. Од понудените опции како решение, репрезентативниот примерок, се изјасни на следниот начин:




**4. ВИЗИЈА до 2025**

**Младите од општина Шуто Оризари се активни чинители на прогресивен локален развој**

Младите во општина Шуто Оризари имаат еднакви можности како сите други млади, тие се информирани, еманципирани и значително вклучени во процесите на донесување на одлуки на локално ниво.

**5. ВРЕДНОСТИ**

Имајќи ја предвид комплексноста на проблематиката на младите во општина Шуто Оризари, како и генерално живеењето во денешното динамично општество, оваа младинска стратегија, ги идентификува следните вредности како носечки во рамки на овој документ:

**УЧЕСТВО – Учеството како процес кај младите Роми во Оопштина Шуто Оризари е процес којшто до сега не бил остварен или немало можности за негово спроведување. Од тука УЧЕСТВОТО како активност е идентификувано како вредност каде младите од општина Шуто Оризари ќе**

**бидат активни чинители и носители на промени во нивен интерес со партиципативно учество.**

**ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ – Од направеното истражување, од моменталната состојба со младите во општина Шуто Оризари, обуката, јакнење на капацитети и индивидуалниот развој е клучна и основна потреба. Ќе им се обезбедат образовни,вон образовни и животни можности и искуства кои ќе придонесат кон целосно остварување на нивниот потенцијал.**

**МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ – Мултикултурализмот е клучна одлика на нашето општество, но и на општина Шуто Оризари согласно составот на населението и демографијата. Од тука и во овој документ ќе биде препознаен како додадена вредност на развојот во сите сфери на дејствување на младите од оваа Општина.**

## 6. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ И ЦЕЛИ

### Младинско информирање



Младинското информирање како област најразлично се дефинира, од систем на комуникација помеѓу младите до комуникациска стратегија со сет на идикатори за одредување на квалитетот и квантитетот на информацијата. Во сите дефиниции, кога се работи за млади, каде поголемиот процент се Роми, системот не функционира или стратегијата не се реализира. Голем број на надворешни и внатрешни фактори влијаат за ваквата состојба: недоволен број на извори за информирање на младите од Шуто Оризари, недоволен фонд на информации од постоечките оскудни извори за информирање, медиумска неписменост во насока на соодветно користење на медиумите од страна на младите итн. Последователно на ова, младинското информирање, младите го гледаат како процес низ сет на мерки во доменот на следната стратешка долгорочна цел:

**Стратешка цел/стратешка насока: Подигната ажурност и пристап до информации преку воспоставен комуникациски ситем на локално ниво.**

Мерки:

1. Креирање на онлајн платформа за дистрибуција на информации

2. Организирање на информативни средби со млади
3. Отворање на информативни штандови со инфо точки за информирање на млади
4. Подготовки и дистрибуција на тримесечник на фукционирањето на Советот на млади
5. Изработка на комунална стратегија за проток на информација ( внатрешна и надворешна )

5.1. Акционен план за проток на информации во заедницата

5.2. Отворање на Младински информативен центар ( МИЦ )

Воспоставена координативна мрежа со Електронски пишани и телевизиски мрежи за проток на младински информации.

**Младинско учество**



Една од основните и најважни компоненти на едно демократско општество е учеството. Учеството има најразлични форми и начини: како учество во активност, учество во здружена група, учество во процеси, дебати, волонтеризам, активизам, филантропски активности, добротворни и хумани активнсти итн. Активноста на личноста се детерминира со учеството- активно или пасивно. Младинското учество во рамките на теоријата може да се најде низ различни дефиниции. Најкорисно за потребите на оваа стратегија е тоа дека означување на учество на младите луѓе во различни активности, проекти, во процес на подготовка на младински политики, во донесување одлуки што се битни за нив. За да се оствари ова, младите треба да имаат желба, мотивација и можности дадени за делување и учествување во најразлични процеси.

Comment [b1]: Оваа реченица е неразбирлива, треба да се преформулира

Согласно анализите, кај младите Роми на територија на Шуто Оризари, учеството најчесто се сведува во пасивно членување во политички ограноци и вклучување во формални и неформални проектни групи. Концептот на активизам, волонтеризам итн се недоволно познати на оваа целна група, како поради неинформираност, така и поради апатичност и недоверба на младите во нови промени на локално ниво.

Тргнувајќи од фактот дека Учеството е фундаментално право, во рамките на оваа стратегија:

**Младинското учество како област се издвојува со следната долгорочна цел: Квалитативно и квантитативно унапредување на младинското учество преку различни форми на младите во општина Шуто Оризари**
**Предлог: Да се зголемат и подобрат начините на младинското учество.**

Мерки:

1. Организирани промотивни работилници за концептот на волонтеризам во општина Шуто Оризари.
2. Уредување на тела и комисии на Младинскиот совет на општина Шуто Оризари.

2.1. Воспоставување на младински комори на различни области на делување во рамки на Младинскиот совет.

3. Креирање на иницијативен одбор за одбележуваање на значајни денови за народите кои живеат на територија на Шуто Оризари.
4. Креирање на ицијативен одбор за активно земање учество во работата на Советот на општина Шуто Оризари – „зелено столче“.
5. Воспоставување соработка со невладини организации, локална самоуправа и други ентитети за вклучување на млади како волонтери и практиканти.

**Образование**



Образованието покрај клучната важност за растот и развојот на децата и младите луѓе, коешто пак е фундаментално човеково право, исто така го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и на социјалниот развој. Во рамките на дефинирање на Образованието за младите од Шуто Оризари, преставува мултидимензионална област, каде ќе опфаќа развивање на младите Роми низ призмата на редовно образование, неформално образование, квалификации и до-квалификации. Детектираните потреби на младите во рамки на истражувањето и работните средби со работната група во рамките на проектот со кои се анализира состојбата, младите повикуваат за дополнително вложување со цел да се подобри зголемување на опфатеноста на млади девојки, опфатот и квалитетот на наставните содржини, развивање на програми и методологии за поврзување на образованието со потребите на пазарот на трудот итн.

**Стратешка цел: Унапредено квалитативно и квантитативно образование со вклучување практична настава и програми релеватни на пазарот на трудот.**
**Предлог стратешка цел: Да се востановат нови образовни центри и да се развие квалитетот на учењето кај младите.**

Мерки:

1. Спроведување  на анализа за потребите на пазарот.
2. Организирање на инфо-сесии за младите за можностите на пазарот на трудот.
3. Анимирање и мотивирање на млади за учество на млади девојки во постоечки активни мерки и учество во квалификација и доквалификација.
4. Креирање на информативна мрежа – информативни точки во средното училиште и во општина Шуто Оризари.
5. Поддршка на млади девојки до завршување на средното образованието.
6. Учество на младинскиот совет во работата на советот на општина Шуто Оризари во планирање и носење на образовани политики.

**Вработување и поддршка при вработување**



Вработувањето е една од клучните фази на младиот човек во процесот на негово созревање, осамостојување и творење. Треба да преставува транзиционен мост на младиот човек од активен млад во активен чинител во општеството за креирање на значителни промени како за себе така и за околината.

Кога зборуваме за младите, а исклучително младите Роми во општина Шуто Оризари, вработувањето е најсензитивно во поглед на нивно транзитирање или осамостојување. Од спроведеното истражување со укажува дека младите не веруваат во фер и отворен пазар на труд и дека нивното образование нема никаква импликација подоцна за нивно вработување. Финално, младите веруваат дека нивната иднина е надвор од оваа земја.

Долгорочна цел во рамките на оваа област е **воспоставен холистички систем за помош и поддршка на млади во процес на пристапување на пазарот на трудот.**

Мерки:

1. Креирање на програми за квалификација и доквалификација на млади согласно потребите на пазарот.
2. Креирање на програми за практиканство во средни и големи претпријатија со посредство на општина Шуто Оризари.
3. Воспоставен информативен систем за млади за добивање на информации од делокруг на вработување, практиканство, квалификација и доквалификација.
4. Воспоставување на интерсекторска мрежа составена од бизнис секторот, локалната самоуправа и организацијата на работодавачи за искористување на афирмативни програми за вработување на млади.
5. Обука и остручување на млади за претприемништво и бизнис план.

**Спорт**



Од мноштвото дефиниции за спортот, во рамките на оваа стратешка област се издвојува следната: „Спорт претставува секоја форма на физичка активност преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба" *(Национална Стратегија за млади 2016-2025.* Спортот како активности со себе покрај бројните медицински и биолошки позитивни импликации на телото на личноста, создава и социјални врски помеѓу лицата. Од тука, се заклучува дека спортот придонесува за личен и социјален развој кај младите луѓе.
На територија на општина Шуто Оризари, спортот е во прогресивен раст но, не доволно, ако се спореди со спортот како гранка и учество на младите луѓе во другите општини на територија на град Скопје. Клучната пречка на младите од Шуто Оризари во оваа област е недостатокот на спортска инфраструктура. Од тука, младите од оваа општина, во рамкие на овој документ ја издвојуваат следната долгорочна цел:

**Унапредена спортска култура кај младите преку нова и пристапна спортска инфраструктура на територија на општина Шуто Оризари**

Мерки:

1. Иницирање на постапка за изградба на спортска инфраструктура за практикување на трчање, велосипедизам, рекреативно спортување, тенис и пинг понк.

2. Поддршка и помош во формирање на спортски клубови иницирани од млади на територија на Шуто Оризари.
3. Мапирање на нови територии и локации за трансформирање во спортски катчиња.
4. Промоција на спортски програми и настани за вклучување на млади од општина Шуто Оризари.

**Култура**



Културата е значаен стратешки приоритет затоа што културата, односно културното изразување може да допринесе во изградувањето на младите луѓе во активни чинители и учесници во јавниот живот. Резултатите од истражувањето, но и од средбите со работната група, покажаа дека во општина Шуто Оризари културните настани се реткост, а тоа води кон апатија и незаинтересираност на младите кон било каква културна појава. Ваквата состојба се отсликува во најразличните културни форми и активности, како: музика, театар, филм, книжевност, сликарство итн. Од друга страна, и немањето на Културен дом или место за културни дејности на територијата на Општината, допринесува дополнително за ваквата состојба.
Клучни предизвици дефинирани во оваа област се: недостатокот на редовни културни настани за млади (концерти, мултимедијални настани) на територија на општина Шуто Оризари, недостаток на Културен дом на територија на Општината, незаинтересираност кај младите да посетуваат културни настани и културни институции.
Овие клучни предизвици понатаму предизвикуваат зголемување на јазот во разбирањето и знаењето за развој на култура помеѓу младите, намалување на креативниот потенцијал кај младите луѓе, намалување на бројот на млади кои читаат книги. Во рамките на стратегија се одвојува една стратешка цел за оваа област со неколку клучни мерки за надминување на оваа состојба.

**Стратешка цел: Афирмација и негување на културните вредности на младите од општина Шуто Оризари преку развиен систем на културни практики.**

Мерки:
1. Организирана и спроведена иницијатива за формирање на Културен дом на територија на општина Шуто Оризари.

2. Учество во креирање на Културна порограма на Советот на општина Шуто Оризари
3. Активно учество во рамки на организација на општина Шуто Оризари во одбележување на културни денови.
4. Иницирање, организирање и отварање на информативно-културен центар за промоција на културни вредности на младите од општина Шуто Оризари.
5. Отворање на информативни културни точки за време на летниот период на територија на Шуто Оризари за промоција на културни вредности на младите од оваа општина.

**Здравство**



„Здравјето е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци“*(Асоцијација за специјализанти и млади лекари).*

Од оваа дефеницција, понатаму се извлекуваат сите празнини и недостатоци во поглед на здравјето на младите луѓе во општина Шуто Оризари. Проблемите и потребите на младите во рамките на оваа област се поврзани меѓу себе во една логична линија на интервентност, којашто отсликува младина со големи предизвици и тешкотии до пристапот на соодветна здравствена заштита во општина Шуто Оризари. Низата започнува со незаинтересираноста на младите во поглед на грижа и чување на своето здравје, од тука, неажурноста кон себе само доведува до ниска здравствена култура, дискриминација во здравствениот сектор и недостатокот на Роми здравствени работници и доктори само ја зголемија апатијата кон здравјето и здравството во целост или води кон колетивно ингнорирање и несовесност. Подобрувањето на ова состојба е попратено со 3 долгорочни стратешки цели:

**Comment [b2]:** Пожелно е да се користи минато свршено време и да се реформулира реченицата, по можност и да не намали нејзината големина, за подобро сфаќање од страна на читателите.

---

1. **Подигната свест за важноста и значењето на здравјето кај младите од општина Шуто Оризари .**
2. **Функционален Информативен здравствен центар – ИЗЦ на млади во општина Шуто Оризари .**
3. **Превентивно заштитени млади девојки од здравствени ризици во општина Шуто Оризари.**

---

***Мерки за стратешка цел 1:***

1.1. Воспоставување на соработка со здруженија на граѓани и идентитети за спроведување на програми за ментално здравје и унапредување на здравјето низ различни навики .
1.2. Организирање на редовни бесплатни медицинки прегледи (систематски прегледи) за млади од општина Шуто Оризари .
1.3. Врснички едукации.

***Мерки за стратешка цел 2:***

2.1. Отворање на информативен здравствен цетар за млади од општина Шуто Оризари во соработка со Здравствен дом на град Скопје и посредство на општина Шуто Оризари .

2.2. Организирање на информативни трибини од областа на здравствени ризици и пороци .

2.3. Организирање на работилници за различни теми од различни области во интерес на унапредување на здравствената култура на младите од општина Шуто Оризари .

2.4. Соработка со стручни здравствени установи за сензибилизација на здравствени работници и доктори со млади и млади Роми.

***Мерки за стратешка цел 3:***

3.1. Организирани работилници за намалено ризично однесување поврзано со зависности и болести кај младите .
3.2. Соработка со социјалните служби во средното училиште „Шаип Јусуф“ за препознавање на насилно однесување и жртви на насилство (родово-базирано и друг вид насилство) .
3.3. Спроведување на работилници и трибини за превенција од болести и болести на зависности кај младите девојки.

## 7. АКТЕРИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата за млади на општина Шуто Оризари е комплексен и догорочен документ со траење од 5 години, каде бара сет на вклученост на релеватни засегнати страни во интерес на исполнување на стратешките цели во рамки на таргетираните области.

Од тука, од направената анализа на засегнати страни, овој документ ги има идентификувано следните актери:

**Млади**

Младите момчиња и девојчиња на возраст од 15 до 28 години се главните корисници на оваа стратегија. Покрај бенефитите од спроведените мерки, младите ќе преземат и одговорност во исполнување на преземените одговорности и активно вклучување во спроведување на мерките од Стратегијата.

**Локална самоуправа**

Локалната самоуправа е клучна во процесот на спроведување на овој стратешки документ. Основаноста на истиот и неговата целисходност зависи од одобрувањата и можностите коишто ќе ги даде Советот на Општината и Градоначалникот. Од тука, оваа стратегија се носи и се изгласува од страна на Советот на општината, каде се потврдува кредибилитетот на истата и целисходноста. Локалната самоуправа треба да биде партнер на спроведувачот на стратегијата и треба да отвори нови можности и услови како за исполнување на целите така и за дополнителните вредности во остварувањето на истите.

**Младински Совет на општина Шуто Оризари**

Советот на општина Шуто Оризари на 27 Февруари 2018 година на својата 5та седница донесе одлука за отпочнување на постапка за формирање на Младински совет на општина Шуто Оризари.

Август 2019 година, со предходно назначено засебно лице за формирање, координатор, го оформи Советот на млади на општина Шуто Оризари. Советот е сочинет од 5 членови или 1/3 од вкупниот број на советници на општината, со мандат од 2 години. Од редот на членовите се избра Претседател и потпреседател со ист мандат. Младинскиот совет е телото кое е задолжено за спроведување на овој стратешки документ.

**Граѓански сектор**

Граѓанскиот сектор е клучен актер, којшто ќе треба да придонесе со својата стручна помош и мрежа на соработници во реализација на стратешки мерки. Граѓанскиот сектор ќе учествува и во дирекните активности на Младинскиот совет во интерес на овој стратешки документ.

**Бизнис сектор**

Бизнис секоторот треба да учествува и придонесе во реализација на мерките од стратешките области: Образование и вработување и поддршка пред вработување. Поддршката на овој сектор е клучна во достигнување на целите од една страна и развивање на коорпоративната одговорност и филантропија од друга страна.

**Образовни институции**
Во рамки на таргетот на оваа стратегија, од образовни институции се јавуваат средните училишта и факултетите. Директна засегнатост има Средното училиште на град Скопје „Шаип Јусуф“, со оглед на тоа што се наоѓа на територија на Шуто Оризари со 300 ученици на возраст од 15 до 18 години. Индиректно влијание имаат сите други средни училишта и факултети во процесот на соработка и партнерство во достигнување на долгорочните цели.

**Медиуми**
Медиумите се клучни во спроведувањето на информацијата и преставувањето на младите, нивните потреби и нивните можности. Медиумите во секоја од утврдените области имаат директна врска и се предвидени како поддржувачи и помагатели во процесот на спроведување на оваа стратегија.

**Родители/старатели**
Родителите се првата рефлексија на младите луѓе во процесот на нивното воспитување, раст и развој. Од тука, тие се клучен фактор со нивното вклучување во предвидените мерки, исклучително во процесот на информирање на нивните деца, насочување и воспитување.

**8. План за следење и оценување на стратегијата**

Мониторигот, односно следењето на спроведување и успешноста на стратегијата ќе биде спроведено врз основа на посебно изготвен план за следење со засебни индикатори (квалитативни и квантитативни), на следните нивоа:

- Следење и оценување на спроведувањето на предвидените мерки и излезните исходи од истите;
- Оценување на ефектот и остварувањето на резултатите од спроведените мерки по стратешки области;
- Целокупното остварување на стратегијата, односно долгорочни цели.

Планот за следење ќе биде подготвен како засебен документ, којшто покрај индикаторите кои ќе бидат поставени за секоја планирана мерка, ќе бидат утврдени и мерни инструменти, алатки за прибирање на податоците, методи за мерење на ефикасноста и одговорно лице за спроведување. Заради соодветна оценка на прогресивен развој, односно оценка на постигнување од планирано кон реализирано, ќе се поставаат соодветни методи. Одговорноста за спроведување на овој план ќе ја има Младинскиот

совет на општина Шуто Оризари, каде при процес на следење и собирање на податоци ќе соработува со сите вклучени актери и засегнати страни.
Од овој процес, ќе се подготвува 6 месечен извештај, каде ќе биде преставен прогресот и состојбата на спроведување на стратешкиот документ со соодветниот ефект до периодот на известување.
Планот за следење ќе биде изработен за 5 години, како и временскиот период на оваа стратегија, каде секоја година со Годишниот план за работа, ќе се подготвува и засебен план за следење и оценување. При крајот на секоја година, со годишниот наративен извештај од Стратешкиот план, ќе се подготвува и годишен извештај за успешноста и реализицијата на Стратешкиот план, врз основа на Планот за следење и оценување на стратегијата.

**9. Финансиски план**

Предвидено е Стратегијата за млади да се финансира, односно нејзината реализиција да биде финансиски поддржана од страна на општина Шуто Оризари, Институции на локално и национално ниво, Агенцијата за млади и спорт  на Р.С. Македонија, Национални и интернационални фондации и фондови, Бизнис заедницата и индивидуални донатори.

Овој комплексен документ којшто е концепиран за период од 5 години во себе содржи 7 таргетирани области со вкупно 44 мерки, кои бараат раслојување на реализиција на годишно ниво. Од тука, генералната проекција за спроведување на овој стратешки документ- 9,970,000.00 МКД за период од 5 години (2020 – 2025).

| # | Област | Мерка | Паушален износ по години (МКД) | | | | | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| 1 | Образование | Спроведена анализа за потребите на пазарот | *60,000* | *0* | *60,000* | *0* | *0* | ***120,000*** |
| | | Организирање на инфо сесии за младите за можности на пазарот на трудот | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |
| | | Анимирање и мотивирање на млади за учество на млади девојки во постоечки  активни мерки и учество во квалификација и доквалификација | *10,000* | *10,000* | *10,000* | *10,000* | *10,000* | ***50,000*** |
| | | Креирање на информативна мрежа – информативни точки во средното училиште и во општина Шуто Оризари | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| | | Поддршка на млади девојки до завршување на средното образованието | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| | | Учество на младинскиот совет во | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | работата на советот на општина Шуто Оризари во планирање и носење на образовни политики | | | | | | |
| **2.** | Култура | Организирана и спроведена иницијатива за формирање на Културен дом на територија на општина Шуто Оризари | *0* | *30,000* | *0* | *0* | *0* | ***30,000*** |
| | | Учество во креирање на Културна порограма на Советот на општина Шуто Оризари | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| | | Активно учество во рамки на организација на општина Шуто Оризари во одбележување на културни денови | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |
| | | Иницирање, организирање и отворање на информативно-културен центар за промоција на културни вредности на младите од општина Шуто Оризари | *0* | *3,000,000* | *0* | *0* | *0* | ***3,000,000*** |
| | | Отворање на информативни културни точки за време на летниот период на територија на Шуто Оризари за промоција на културни вредности на младите од оваа општина | *20,000* | *20,000* | *20,000* | *20,000* | *20,000* | ***100,000*** |
| **3** | Младинско учество | Организирани промотивни работилници за концептот на волонтеризам во општина Шуто Оризари | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |
| | | Уредување на тела и комисии на Младинскиот Совет на општина Шуто Оризари | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| | | Воспоставување на младински | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | комори на различни области на делување во рамки на Младинскиот совет | | | | | | |
| | | Креирање на иницијативен одбор за одбележуваање на значајни денови за народите кои живеат на територија на Шуто Оризари | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| | | Креирање на ицијативен одбор за активно земање учество во работата на Советот на општина Шуто Оризари – „зелено столче“ | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| | | Воспоставување соработка со невладини организации, локална самоуправа и други ентитети за вклучување на млади како волонтери и практиканти | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| **4.** | Младинско информирање | Креирање на онлајн платформа за дисрибуција на информации | *150,000* | *20,000* | *20,000* | *20,000* | *20,000* | ***230,000*** |
| | | Организирање на информативни средби со млади | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |
| | | Отворање на информативни штандови со инфо точки за информирање на млади | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |
| | | Подготовки и дистрибуција на тримесечник на фукционирањето на Советот на млади | *200,000* | *200,000* | *200,000* | *200,000* | *200,000* | ***1,000,000*** |
| | | Изработка на комунална стратегија за проток на информации ( внатрешна и надворешна ) | *250,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***250,000*** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Акционен план за проток на информации во заедницата | *50,000* | *50,000* | *50,000* | *50,000* | *50,000* | ***250,000*** |
| | | Отворање на Младински информативен центар ( МИЦ ) | *350,000* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***350,000*** |
| | | Воспоставена координативна мрежа со Електронски пишани и телевизиски мрежи за проток на младински информации | *20,000* | *20,000* | *20,000* | *20,000* | *20,000* | ***100,000*** |
| **5.** | Здравство | Мерки од стратешка цел 1 | | | | | | |
| | | Воспоставување на соработка со здруженија на граѓани и индентитети за спроведување на програми за ментално здравје и унапредување на здравјето низ различни навики | *10,000* | *10,000* | *10,000* | *10,000* | *10,000* | ***100,000*** |
| | | Организирање на редовни бесплатни медицинки прегледи (систематски прегледи) за млади од општина Шуто Оризари | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |
| | | Врснички едукации | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |
| | | Мерки од стратешка цел 2 | | | | | | |
| | | Отварање на информативен здравствен центар за млади од општина Шуто Оризари во соработка со Здравствен дом на град Скопје и посредство на општина Шуто Оризари | *0* | *650,000* | *0* | *0* | *0* | ***650,000*** |
| | | Организирање на информативни трибини од областа на здравствени ризици и пороци | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |
| | | Организирање на работилници за различни теми од различни области во интерес на | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | унапредување на здравствената култура на младите од општина Шуто Оризари | | | | | | |
| | | Соработка со стручни здравствени установи за сензибилизација на здравствени работиници и доктори со млади и млади Роми | *50,000* | *50,000* | *50,000* | *50,000* | *50,000* | ***250,000*** |
| | | Мерки од стратешка цел 3 | | | | | | |
| | | Организирани работилници за намалено ризично однесување поврзано со зависности и болести кај младите | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |
| | | Соработка со социјалните служби во средното училиште „Шаип Јусуф"за препознавање на насилно однесување и жртви на насилство (родово-базирано и друг вид насилство) | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| | | Спроведување на работилници и трибини за превенција од болести и болести на зависности кај младите девојки | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | *30,000* | ***150,000*** |
| **6.** | Спорт | Инцирање на постапка за изградба на спортска инфраструктура за практикување на трчање, велосипедизам, рекреативно спортување, тенис и пинг понк | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| | | Поддршка и помош во формирање на спортски клубови иницирани од млади на територија на Шуто Оризари | *20,000* | *20,000* | *20,000* | *20,000* | *20,000* | ***100,000*** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мапирање на нови територии и локации за трансформирање во спортски катчиња | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| | | Промоција на спортски програми и настани за вклучување на млади од општина Шуто Оризари | *0* | *0* | *0* | *0* | *0* | ***0*** |
| **7.** | Вработување и помош при вработување | Креирање на програми за квалификација и доквалификација на млади согласно потребите на пазарот | *60,000* | *60,000* | *60,000* | *60,000* | *0* | ***240,000*** |
| | | Креирање на програми за практиканство во средни и големи претпријатија со посредство на општина Шуто Оризари | *0* | *100,000* | *0* | *100,000* | *0* | ***200,000*** |
| | | Воспоставен информативен систем за млади за добивање на информации од делокруг на вработување, практиканство, кавлификација и доквалификација | *150,000* | *0* | *150,000* | *0* | *150,000* | ***450,000*** |
| | | Воспоставување на интерсекторска мрежа составена од бизнис секторот, локалната самоуправа и организацијата на работодавачи за искористување на афирмативни програми за вработување на млади | *0* | *100,000* | *0* | *0* | *0* | ***100,000*** |
| | | Обука и остручување на млади за претприемништво и бизнис план | *250,000* | *0* | *250,000* | *0* | *250,000* | ***750,000*** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **1,980,000** | **4,670,000** | **1,250,000** | **910,000** | **2,040,000** | **9,970,000** |

Финансиски проекција по области :

| | Област | Буџет МКД |
|---|---|---|
| **1** | Образование | 320,000 |
| **2** | Култура | 3,280,000 |
| **3** | Младинско учество | 150,000 |
| **4** | Младинско информирање | 2,480,000 |
| **5** | Здравство | 1,900,000 |
| **6** | Спорт | 100,000 |
| **7** | Вработување и поддршка при вработување | 1,740,000 |

Финансиска проекција по години

| | Област | Години - буџет МКД | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **1** | Образование | 100,000 | 40,000 | 100,000 | 40,000 | 40,000 |
| **2** | Култура | 50,000 | 2,430,000 | 50,000 | 50,000 | 50,000 |
| **3** | Младинко учество | 30,000 | 30,000 | 30,000 | 30,000 | 30,000 |
| **4** | Младинско информирање | 1,040,000 | 350,000 | 350,000 | 350,000 | 350,000 |
| **5** | Здравство | 240,000 | 890,000 | 240,000 | 240,000 | 240,000 |
| **6** | Спорт | 230,000 | 130,000 | 230,000 | 130,000 | 170,000 |
| **7** | Вработување и поддршка при вработување | 460,000 | 260,000 | 460,000 | 160,000 | 350,000 |
| | **Вкупно** | **2,150,000** | **4,130,000** | **1,460,000** | **1,000,000** | **1,230,000** |

**Користена литература**


- Национална стратегија за млади 2016-2025.
- Акционен план за млади Роми на Совет на Европа 2016-2022
- Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија, Коалиција на младински организации СЕГА, 2018
- Предизвици и совети за вработување, домување, правна и здравствена помош на маргинализираните групи, РОМАЛИТИКО, 2019
- www.mof.org.mk
- www.ams.gov.mk
- www.sutoorizari.gov.mk 4
- Асоцијација на специјализанти и млади лекари-АСМЛ